**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 25.12.2023

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 4779 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 18 декември 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 декември 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
*(7) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца.*
*(8) Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%.*
*(9) Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе донесе подзаконски акт со кој ќе утврди план за времето и жанрот за емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници за трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио).*

**- Точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година** (*Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот*).

## 6. Претходно изречена мерка:

*На 16 ноември 2023 година, за непочитување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовозиуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-357 од 17.11.2023 година) на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (20.11.2023г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со контролниот програмски надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје, емитуван на 18 декември 2023 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена,** односно ја отстранил извршената повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика *(Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот).*

## 8. Опис на прекршувањето: /

## 9. Предлог мерка: /

***Сектор за програмски работи***